# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКА СКРИПТА ПОД НАСЛОВ „ОД ФОЛКЛОР ДО ФАКТИ И ФИКЦИЈА ВО АМЕРИКАНСКАТА, ЕВРОПСКАТА И АНГЛИСКАТА НАРОДНА ЛИТЕРАТУРА“ ОД ДОЦ. Д-Р МАРИЈА ЕМИЛИЈА КУКУБАЈСКА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, како и Одлуката бр. 2402-18619 донесена на 98. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, одржана на 24.12.2013 година, се избрани рецензенти:

- проф. д-р Виктор Лилчиќ, УКИМ, Министерство за култура, Скопје;
- проф. д-р Ермис Лафазановски, УКИМ, Институт за фолклор, Скопје,

за изготвување на извештај-рецензија на приложениот ракопис за интерно електронско издавање - скрипта „ОД ФОЛКЛОР ДО ФАКТИ И ФИКЦИЈА ВО АМЕРИКАНСКАТА, ЕВРОПСКАТА И АНГЛИСКАТА НАРОДНА ЛИТЕРАТУРА“ од доц. д-р Марија Емилија Кукубајска. Скриптата е интердисциплинарна компаративистика од областите: литература, фолклор, култура, религија и наука и наменета за студентите од прв и втор циклус, како и за трет циклус студии (подготвуван за акредитација) при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Филолошки факултет, Катедра за англиски јазик и литература. По прегледот на ракописот, рецензентите до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет го поднесуваат следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

Општи податоци за ракописот: Ракописот со 1. скрипта и 2. практикум со наслов: **„Од фолклор до факти и фикција во американската, европска и англиската народна литература“** од авторот д-р Марија Емилија Кукубајска е материјал компатибилен со Наставниот план и содржините на предметите по литература од прв и втор циклус студии (кои авторот ги предава), како и со предмети по литература од трет циклус студии. Предметите се изучуваат (а авторот ги предава или ги има предавано) на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, и тоа:

**прв циклус студии**, литературна насока:

- Англиска книжевност (од почетоци до 16 век)
- Англиска книжевност (16 – 18 век)
- Англиска книжевност (19 век)
- Англиска книжевност (20 век – поезија)
- Англиска книжевност (20 век – проза)
- Британска цивилизација и култура
- Американска цивилизација и култура
- Европска цивилизација и култура
- Шекспир и ренесансните писатели;

**втор циклус студии,** литературна насока:

- Англиска книжевност (од 17 – 19 век)
- Постмодернизам во американскиот роман
- Постмодернизам во англискиот роман;

**трет циклус на студии**, Англиски јазик, литература и култура:
(за предметот предложен во програмата за акредитација)
Интердисциплинарна компаративистика во англоамериканската литература и културата.

Предметите содржат вкупен број на часови: 34
Со број на студенти: 400

По семестри:
2,3,4,5,6, од прв циклус студии (2+2+0) со 6 и 8 кредити
1 и 2 семестар, од втор циклус студии (2+2+0) со 8 кредити
и трет циклус студии (ќе се одреди број на часови и кредити)

Податоци за обем на ракописот: Ракописот е напишан во А4 формат, фонт Times New Roman, големина 12. Текстот содржи 350 страници и е подготвен според пропишаната наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите во рамките на овие предмети, а се однесуваат на подготовката на теоретски дел. Трудот содржи 27 поглавја, со библиографија составена од книги, статии и интернет страници релевантни за предметот.

Податоци за постоење на сличен или ист наслов: До сега не е објавена ваква или слична рецензирана е-скрипта со практикум од областа на интердисциплинарни компаративни истражувања во историјата на литературата, фолклорот и културата.

**Опис на содржината:**

**„Од фолклор до факти и фикција во американската, европската и англиската народна литература“**

Со овој ракопис за американската, британската и европската литература, цивилизација и култура, доцент д-р Марија Емилија Кукубајска нуди за објавување наставно-научен материјал каков сè уште не е достапен на македонски јазик на државните универзитети во Република Македонија, а за таква интердисциплинарна истражувачка и наставно-научна литература постои дефицит посебно од домашни автори.

Научниот интерес на оваа литература се занимава со компаративна анализа на толкувања на усното и писмено книжевно (и дигитално) творештво во САД од европско и посебно англиско подрачје, со споредба на македонски и светски народни приказни, митови и легенди и нивно научно-книжевно и религиозно проучување на теми за реалноста, вистината и смисла на животот, теми кои во 20 и 21 век се посебно актуелни во модерната и постмодерна мисла. Ракописот содржи обемни споредбени истражувања и анализи на литературата во контекст на историја на културата, етнолошки, антрополошки, психолошки, социолошки и мас-медиумски резултати од востановената, како и од новата продукција на книжевноста, културата и уметноста (XVIII, XIX, XX и XXI век во САД: евроамерикански фонд на усмена литература, уметност и наука; домородечко наследство во усмената литература и фолклорот во Македонија преку делата на Цепенков и други собирачи на народна литература: приказни, легенди и библиски теми).

Целта на овие проучувања е синхронизирано збогатување и проширување на литературното, фолклорно и антрополошко поимање, критичко мислење, креативно толкување и поттикнување на љубопитноста за проширени научно-стручни ставови за потеклото и целта на нарацијата за животот и светот, со теми за креација и конечноста, истражувани од традиционално христијански и од секуларно атеситички светоглед. Тезата донесува и нови податоци за влијанието на фактично документирани прототипови на протагонисти во приказните (пр. Маргарет фон Валдек во однос на приказната Снежана и седумте џуџиња). Со тоа содржината опфаќа теми од фантазијата на народниот раскажувач до документирани факти за можни прототипски извори на некои народни приказни и до авторизирани книжевни форми и филмувани продукции кои во последните 100 години црпат теми и карактери од приказните.

Акцент на истражување на двете американски фолклорни банки е западноевропското и домородечкото индијанско наследство во САД, а се вршени споредби и со македонски

примери од народното книжевно творештво со теми за потеклото, смисолот и целта на реалноста, фантазијата и фикцијата преку користење на примери од фолклорниот Зборник на М. Цепенков и неговите истражувачи од македонската книжевна историја.

Литературата разгледува современи фактори кои придонесуваат за унифицирање или антагонизирање на светогледи во однос на *финалноста и трајноста на постоењето и на етичките вредности,* со примери и од биоетички, молекуларни истражувања на *кодот на Бог* истражувани на Харвард и од филозофски, како и астрономски истражувања (пр. Стивен Хокингс). Темата споредува тврдења на Њутон и Галилео за континуитетот на духовните (компатибилни на физичките) закони во космосот и по физичкиот *престанок* на постоењето, прашања кои интензивно се предмет на литературата и филозофијата, етиката, антропологијата и психологијата на новата мисла и израз во културологијата, уметноста и науката.

Во ова компаративно, интердисциплинарно истражување врз основа на американски, европски, македонски и глобални податоци од науката и критиката за народна, како и ваторизирана книжевност, приоритет е даден на континуитетот во историјата на цивилизацискиот равој на човековата креативна и критичка онтолошка мисла за смислата на *постоењето,* тема на која атеистичкиот модернизам и постмодернизам и приоѓаат од спротивен правец. Анализите во овој текст се фокусираат на народното книжевно творештво кое во суштина е посветено на човековиот вграден инстинкт, императив и здраворазумско прашање за *правото на верување во неминливост,* среде цивилизациските дилеми за прифаќање или неприфаќање на апсолутот на универзум, прашање на кое атеистите одговараат со *убиство на* Бог (со дел од претставници на научната и социо-политичка револуција од 19 - 21 век) низ процеси на *промени* кои дифузираат нова, ревидирана и релативизирана етика во литературата, културата и општеството.

Во синергична споредба на академските и читателски восприемања на народната литература, и преку традиционални верувања наспроти секуларен атеизам, ова учебно помагало се определува да ги афирмира позитивните, одржливи, цивилизирачки етички системи на вредности во литературата кои се покажале трајни низ историјата на човековата мисла, а кои во современиот свет одново се соочуваат со контроверзни антитези на пост-постмодернизмот преку нови форми на неореализам. Разгледувани се книжевно-културолошки, митолошки и научни примери на судири помеѓу доблести и пороци (доблести за вземно усовршување и подготовка за премин во трајно афирмативно славење на постоењето како книжевно-филозофска категорија, наспроти континуирано присуство на злото, деструктивноста, дегенеративната снага на негативното, на пороците кои наспроти доблестите земаат  замав во 20 век). Следени се примери проектирани во народните приказни преку духовни девијации на протагонистот низ временски и просторни линии, патологии на општествата и поединците, морален антагонизам низ фолклорот, низ примери за аморална интерпретација на народното книжевно наследство од САД и Европа а преку ревизии, реконструкции, деконструкции или деформации - тренд кој е присутен денес во експлоатирање на народните приказни и во филмски и  електронско-дигитални верзии на книжевната индустрија.

Темите по поглавја ја опфаќаат содржината: 1. Книжевноста, културата, науката и религијата за поимот на конечноста и вечноста, 2. Просветителството, преродбата и народното творештво во Македонија (со фолклорно-религиозни мотиви за финалноста и трајноста на духовното битие), 3. Ментално-духовно и астрофизичко толкување на „смртта и вечноста", 4. Транспарентно, културолошки толерантно проучување на фолклорот, 5. Науката и религијата: со комплементарни вистини за културата и фолклорот, 6. Десакрирање наспроти деификација на фолклорните потраги по бесмртноста, 7. Бог е мртов, да живее човеко-центричното просветителство, 8. Атеизмот не е својствен на македонската преродба и просветителство, 9. Од културен радикализам до суб-културна субверзија во проучување на фолклорот, 10.

Народните приказни и постхумните теми, 11. Американска народна литература преземена од европската традиција: приказните на браќата Грим, 12. Фантазија и факт: За смртната опасност од љубомората и за *небесната* неуништливост на доблеста („Снежана и седумте џуџиња", според браќата Грим), 13. Смртта како книжевна тема за

канибализам, персонифицирана во волк, или смртта како насилство од спротивниот пол, 14. Спасоносниот фактор: христијанско милосрдие кон невиноста, 15. Додатни мотиви на сличност на Црвенкапа со други приказни (во однос на реставрација на животот), 16. Радикално либерални ревизии и декадентни деформации на „Црвенкапа“ во САД, 17. Примери од „Политички коректни приказни за пред спиење“ на Џејмс Фин Гарнер (примери од културолошки ревизии на Црвенкапа), 18. Ставови на антрополози, културолози и медиумите за Црвенкапа, 19. Факти за *творечка* експлоатација на чистата детска фантазија отворена кон морални поуки за животот, смртноста и вечноста, 20. Враќањето во живот, како доусовршување на љубовта кон човекот и кон Бог: Смртта и оживувањето на ќерката во американското индијанско племе Су – „Сиукси“, 21. Во небесниот свет се стигнува по сопствен слободен избор, но според божји закон: Северноамериканската индијанската приказна за транзиција од земјата кон Големиот Дух, запишана од племето Семиноли: „Луѓе во посета на небото“, 22. Македонската литературна наука за собирачот на македонско народно книжевно творештво, Марко К. Цепенков (1829-1920), 23. Дуалитет во персонификација на сонцето, симбол на вечната светлина: а) Пагански канибализам (симбол за како *светлината ја јаде темнината*) и б) Христијанска човекољубивост (вечните идеали на совршеност ја надминуваат телесната смрт), 24. Митолошки ликови и христијански принципи во македонската народна приказна „Бабината мома Злата Позлатена“, 25. Коските од починатите како спроводници на благослов од доблеста љубов: темата за мајката преобразена во крава која посмртно се кае за својата клетва против ќерка си: Господ ја удостојува ќерката со натприродни дарови на „вечна љубов“, 26. Рурална и ројална генеалогија на злото и доброто, смртта и вечноста, 27. *Омразата* - предизвикана од гордост, суета, самољубие и завист, како *предизвикувач на деструкција, смрт. Слободата на злото* како ослободување од доброто. Континуитетот на духовно-моралните вредности како *спроводник до другата страна* од видливото постоење, вечноста (во религиозниот лексикон).

**Општа педагошка оценка на научните квалитети:** Имајќи ги предвид гореизнесените факти, содржини и аргументи за издавање на оваа скрипта од доц. д-р Марија Емилија Кукубајска, како и врз основа на оригиналната содржинска структура на трудот, обемноста и современиот пристап на темата, соодветноста на содржината за студиската програма од прв, втор и трет циклус, обемно консултираната литература, како и недостатокот од вака темелно, интердисциплинарно и интерпрофесионално проучување на теми и концепти кои се протегаат од предисториски до современ период во фолклорната и авторизирана литература, комисијата го предлага следниов

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот за скрипта и практикум „Од фолклор до факти и фикција во американската, европската и англиската народна литература“ од авторот доц. д-р Марија Емилија Кукубајска претставува ракопис кој стручно и научно е соодветно конципиран. Квалитетот, содржината, обемот и прегледноста даваат можност за успешно следење и подготвување на теоретскиот дел (анализа и критика) на книжевните теми и контексти предвидени во програмата на предметите кои авторот на ракописот ги предава на горенаведениот прв, втор и подготвуван за акредитација трет циклус студии.

Разработените содржини се во согласност со Наставниот план и содржините на наведените предмети по литература застапени во циклусите на студии на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на електронска скрипта според Правилникот за единствени основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ Штип скриптата **„Од фолклор до факти и фикција во американската, европската и англиската народна литература“** од авторот доц. д-р Марија Емилија Кукубајска да го прифати за печатење како електронско издание.

**РЕЦЕНЗЕНСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ермис Лафазановски, УКИМ,**
**Институт за фолклор, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Виктор Лилчиќ, УКИМ,**
**директор, Управата за заштита на културно наследство, Министерство за култура, с.р.**